РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02 -1986/2
5.7. 2022 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и 464/2021- анекс), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет - Скопје, постапувајќи по предлог-одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-1986/1 од 28.06.2022 година, на седницата одржана на 30.06.2022 год., донесе

О Д Л У К А

1. Се прифаќа предлог-одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-1986/1 од 28.06.2022 година.

2. Се определуваат роковите за запишување во зимскиот семестар, во учебната 2022/2023 година и тоа:

- студентот може да го запише зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година во период од 19.09.2022 година до 30.09.2022 година.
- студентот кој не го запишал зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година во определениот рок во точка 1 од оваа одлука, тоа може да го стори во период од 03.10.2022 година до 28.10.2022 година, со поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување.
- по истекот на рокот за задоцнето запишување, на студентот нема да му биде дозволено запишување на зимскиот семестар.
- барање за мирување на студиите, студентот може да побара во роковите за упис на семестарот, но не подоцна од 28.10.2022 година.
- студентите кои до 26.10.2022 година ќе ја одбранат својата дипломска работа се ослободуваат од запишување на зимскиот семестар, во учебната 2022/2023 година.

3. Одлуката стапува на сила со донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и 464/2021- анекс ), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.06.2022година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Александар Скепаровски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Институтите при факултетот;
- Секретарот на Факултетот;
- Одделение за студентски прашања;
- ВЕБ страната на Факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

Изработил: Јадранка Стојчевска
Одобрил: Васка Маневска